РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-9701/2

24-07-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 89-та седница одржано на 20.07.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата заведена под број 12-9701/1 од 26.12.2022 година, со наводи против лица вработени во ------------------------- и -------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-9701/1 од 26.12.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Министерството за правда, на ден 26.12.2022 година, на надлежно постапување до ДКСК препратена е пријава од новинар --------------------- и оформен е предмет број 12-9701/1 од 26.12.2022 година. Имајќи предвид дека се работи за иста фактичка состојба, кон пријавата се споени и предметите 12-9677 од 22.12.2022 година и 12-113/1 од 09.01.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека има добиено маил порака од г. ----------------------, генерален менаџер на Германски Телеком, првично упатена на ден 28 декември 2006 година до неколку директори на ----------------------------, меѓу кои бил и актуелниот премиер на Македонија, сите тогашни директори на -------------------- во Македонија и тогашните членови на менаџерскиот одбор на -----------------------------. Се наведува дека пораката содржи лично признание на г. ----------- за висока корупција, дека сите во пораката се инволвирани во процес на монополизација, потврда дека ---------------------------- е во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

сопственост на ------------------------, како и конкретни наводи за давање мито. Во пријавата се бара одговор зошто молчи комплетната министерска гарнитура заедно со премиерот, а се бараат и оставки поради овој корупциски скандал.

Имајќи ги предвид наводите од пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство Скопје.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**